МИХАЈЛО МАРКОВИЌ, СОЊА НОВОТНИ ПРИДОНЕСОТ НА ВИКТОР ФРИДМАН ВО ПРОУЧУВАЊЕТО НА АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК КАКО ДЕЛ ОД БАЛКАНСКАТА ЈАЗИЧНА ЛИГА

811.18:81(497)

Апстракт: Предмет на обработка и анализа во трудот со горенаведениот наслов е приказ и елаборација на придонесот на Виктор Фридман во промовирањето и истражувањето на албанскиот јазик во балкански контекст. Имено, рефератот опфаќа компарирање, проследување и анализирање на работата на Виктор Фридман како еден од најзначајните проучувачи на балканските јазици на денешницата, и неговиот придонес во албанологијата како лингвистичка целина низ призмата на балканскиот контекст. Проследивме неколку значајни трудови и дела на Виктор Фридман каде што тој го споредува албанскиот јазик со одделни балкански јазици, во кои ја дава сличноста и влијанијата кои балканските јазици ги имаат како припадници на една заедничка и компатибилна јазична единица. Дадовме и свои гледишта во однос на придонесот на Виктор Фридман кон албанскиот јазик како лингвист и своевиден албанолог преку приказ на неговите истражувања во областа на дијалектите на албанскиот јазик, како и стандардниот албански јазик во споредба со другите јазици кои се припадници на балканскиот лингвистички сојуз.
Клучни зборови: Виктор Фридман, албански јазик, балканска јазична лига, лингвистика.

Abstract: THE CONTRIBUTION OF VICTOR FRRIDMAN IN THE STUDY OF THE ALBANIAN LANGUAGE AS A PART OF THE BALKAN LANGUAGE LEAGUE
The subject of processing and analysis in the paper with the above title is an overview and elaboration of Viktor Fridman's contribution in the promotion and research of the Albanian language in the Balkan context. Namely, the abstract will include comparing, streaming and analyzing the work of Victor Friedman as one of the most important researchers in the Balkan languages of today, and his contribution to Albanology as a linguistic whole through the prism of the Balkan context. We will cover several important works and works of Victor Friedman, where he compares the Albanian language with certain Balkan languages, in which he gives the similarity and influence that the Balkan languages have as members of a common and compatible language unit. We will also give our views on the contribution of Victor Friedman to the Albanian language as a linguist and albanologist through a review of his research in the field of Albanian dialects, as well as the standard Albanian language compared to other languages that belong to the Balkan linguistic alliance.
Keywords: Victor Friedman, Albanian language, Balkan language league, linguistics.

Виктор Фридман претставува значаен „промотор“ на балканските народи и јазици во светот, а со тоа и на албанскиот јазик и култура што јасно се прикажува преку неговата научна и наставна работа, како и преку промовирањето на албанскиот јазик во светските научни центри. Имено, Виктор Фридман дипломирал руски јазик и книжевност на колеџот „Рид“ во 1970 година. Докторирал на словенските јазици и книжевности и општа лингвистика на Чикашкиот универзитет во 1975 година. Со дисертацијата на тема „Граматичичките категории на македонскиот индикатив“ја добил наградата „Марк Пери Галер“ за најдобра дисертација на Факултетот за

хуманистички науки. Од 1975 до 1993 година предавал во одделот за славистика при Универзитетот во Северна Каролина. Во 1993 година Виктор Фридман се префрлил на Чикашкиот универзитет. Тој има објавено повеќе од 300 публикации. Повеќе од 30 години Фридман се занимава со научното поле кое ги опфаќа јазиците на Балканот. Во 1994 година, Фридман бил избран за член на Македонската академија на науки и уметности. Во 1995 година тој бил избран за член на Матица Српска, а во 2004 година бил избран за член на Академијата на науки и уметности на Косово. За време на војните во Југославија тој работел како политички аналитичар на заштитните сили на ООН стационирани во поранешна Југославија во 1994. Бил дел од проектот Јужен Балкан при Центарот за превентивни дејства на Советот за надворешни односи во периодот од 1995 до 1997 година, советник на Меѓународната кризна група во 1997 година, а работел и за Институтот за мир на САД во 1999 и 2000 година. Бил гостин-професор или гостин-научник во следниве универзитети: Универзитетот во Тирана, Корнел, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Централноевропски униеризтет во Будимпешта, Универзитет на Кјото, Национален универзитет на Малезија, Универзитет во Хелсинки, Универзитет во Приштина, и во Латроб универзитетот (Австралија). Истражу-вањата на Фридман се базирале на граматичките категории, особено на глаголите, контактот на јазиците и социолингвистиката на Балканот и Кавказот. Тој објавил книги за следните јазици: албански јазик, аромански јазик, азербејџански јазик, српски/ хрватски/ босански јазик, бугарски јазик, грузиски јазик, грчки јазик, македонски јазик, меглено-романски јазик, ромски јазик, романски јазик, руски јазик, таџички јазик и турски јазик.

Освен горенаведените активности, Фридман има признанија и достигнувања во областа на албанологијата во следниве полиња: Nominated for Çmimi i Albanologjisë [Prize in Albanology], Center for Albanology, Tirana, 2008; Academy of Sciences of the Republic of Albania, foreign member, elected 2006; Academy of Arts and Sciences of Kosova, foreign member, elected 2004; Award of Appreciation (mirënjohje) for Contirubtions to Albanology, Seminar for Albanian Language, Literature and Culture, University of Prishtina, August 2011; University of Prishtina, Guest Professor, May 2002.

Во следната етапа од нашиот реферат накусо ќе анализираме неколку негови научни труда, каде што Фридман работи на албанскиот јазик како дел од балканската јазична лига и врши граматички, лексички и културолошки компарации на истиот со другите припадници (јазични) на балканскиот лингвистички сојуз, со што претставува еден од најзначајните странски (неалбански) промотори на албанологијата.

Првиот труд кој го зедовме за анализа е *Адмиративност во балканските јазици (категорија против употреба)* [Admirativity in the Balkan languages: Category vs. Usage]. /Makedonski jazik, Vol. 30, 1980. 121-129/, во којшто Виктор Фридман работи на споредбата на адмиративноста во албанскиот, македонскиот, бугарскиот и турскиот јазик, во којшто труд јасно се гледа сличноста во граматичките проблеми, но и решенијата за истите во сите балкански јазици кои се предмет на обработка. Ваквиот труд претставува негова најтесна професионалност, но и е еден од првите научни реферати во кои работи на компарирање и согледба на албанскиот јазик во однос на другите припадници на балканската лингвистичка лига.



ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ"

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ГОДИНА XXXI 1980

Виктор А. ФРИДМАН

АДМИРАТИВНОСТ ВО БАЛКАНСКИТЕ ЈАЗИЦИ: КАТЕГОРИЈА ПРОТИВ УПОТРЕБА

СКОПЈЕ 1980

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

XXXI 1980

АДМИРАТИВНОСТ ВО БАЛКАНСКИТЕ ЈАЗИЦИ: КАТЕГОРИЈА ПРОТИВ УПОТРЕБА

The Pluperfect in Albanian and Macedonian. Folia Slavica, /Vol. 4, No. 2-3, 1981. 273-282/.

Во овој труд Фридман врши споредба на глаголските форми во македонскиот и во албанскиот јазик, а посебно внимание посветува на плускванперфектот во двата јазика. Тој овде дава кус, но прецизен и сеопфатен опис на глаголските форми во двата јазика, а своите тврдења и истражувања ги поткрепува со бројни примери кои ги ексцерпира од јазиците кои се предмет на негова работа во рефератот.

Некои забелешки за индиректен говор и прекажувањето во македонскиот и албанскиот јазик (Macedonian: Some observations on indirect speech and renarration in Macedonian and Albanian) /Makedonski jazik, Vol. 32-33, 1981-1982. 769-776/. Во овој труд авторот своето внимание го посветува на проблемите во искажувањето на индиректниот говор во албанскиот и македонскиот јазик, а во заклучоците кои ги извлекува од ова истражување ги доловува сличностите и различностите кои ги имаат јазиците во рамките на оваа граматичка категорија. Овој труд претставува значаен истражувачки урнек во однос на компаративната граматика, токму поради методите со кои се служи Фридман во истиот.

Evidentiality in the Balkans: Bulgarian, Macedonian, and Albanian. Evidentiality: The Linguistic Coding of Epistemology, (Advances in Discourse Processes, Vol. 20), /ed. by Johanna Nichols and Wallace Chafe. Norwood, NJ: Ablex. 1986. 168-187/. Во оваа статија Фридман ги споредува албанскиот, македонскиот и бугарскиот јазик не само од граматичка гледна точка (обработка на аористот, перфектот, имперфектот и плускванперфектот), туку и од лингвистичка и социолингвистичка положба на јазиците. Ова е еден од зачетоците на балканистот со кои ја дава основата за социолингвистичките согледби на предметните балкански јазици, не само од лингвистички, туку и од надворешнолингвистички аспект.

Gjorgji Pulevski: Fjalorët e tij dhe Rilindja Kombëtare Shqiptare dhe Maqedonase [Albanian: Gjorgji Pulevski: His dictionaries and the Albanian and Macedonian national renaissances]. /Konferenca shkencore e 100-vjetorit të Lidhjes Shqiptare të Prizrenit, Vol. 2. Prishtina: Kosovo Academy of Arts and Sciences. 1990. 24-256/. Во оваа статија авторот го анализира речникот на Ѓорѓија Пулевски од повеќе аспекти, но најголемо внимание посветува на дијалектните форми и начинот на којшто Пулевски фонетско-фонолошки го прикажува статусот на двата јазика. Фридман во овој реферат има одличен методолошки пристап, а во овој обемен труд јасно ги дефинира дијалектните особености во дадениот речник на Ѓорѓија Пулевски не само од фонолошки аспект, како што дотогаш е разгледувано, туку и на фонетски план, односно изговорот на диференцијални зборoформи во контекст на дадената напишана лексема. Ова истражување е особено интересно бидејќи опфаќа еден словенски и еден несловенски јазик во ракописот на еден од првите лексикографи на овие простори.



AKADEMIA E SHKENCAVE DHE E ARTEVE E KOSOVËS

Viktor Fridmën (SHBA)

GJORGJI PULEVSKI, FJALORËT E TIJ DHE RILINDJET KOMBËTARE SHQIPTARE E MAQEDONISË

Nga libri „Konferenca shkencore e 100-vjetorit të Lidhjes shqiptare të Prizrenit"

— Nga botimi shkencor —
(Prishtinë, 6—7 qershor 1978)

Prishtinë, 1980

Viktor Fridmën (SHBA)

GJORGJI PULEVSKI, FJALORËT E TIJ DHE RILINDJET KOMBËTARE SHQIPTARE E MAQEDONISË

Dialectal Base, Variation and Codification of the Balkan Literary Languages: Albanian, Bulgarian, Macedonian and Romany. Balkan Forum, Vol. 1, No. 1, 1992. 147-153. (English version of 65). Овде Фридман јасно ги прикажува дијалектните основи врз кои се кодифицираат современиот албански, македонски, бугарски и романски јазик, а во најголема мера се базира на постарите истражувања во дијалектната наука за овие јазици. Во ваквата статија која бара обемно истаржување, авторот накусо дава приказ на најзначајните дијалектни моменти од историјата на дадените балкански јазици, и врши прецизна анализа на претходните научни достигнувања во рамките на лингвистичката географија и дијалектологија.

Aspectual Oppositions in Bulgarian, Albanian, and Turkish. Săpostavitelno ezikoznanie, /Vol. 17, No. 3, 1992. 33-38/. Во овој труд се врши анализа на употребата на аористот и имперфектот во трите јазици врз основа на граматиките на соодветните јазици, а во заклучокот ги наведува сите разлики и отстапувања кои ги имаат албанскиот, бугарскиот и турскиот јазик по однос на оваа граматичка категорија.

Slavic-Albanian Contacts and Early Polyglot Lexicons: The Albanian Lexicon of the Monk Arkádïi, A Mid-Nineteenth Century Manuscript from the Hilendar Monastery on Mount Athos. Slavia meridionalis: Studia linguistica, slavica et balcanica, (Polish Academy of Sciences), /Vol. 1, 1994. 139-156/.Овој труд е значаен од повеќе аспекти за промоција и презентација на албанологијата, бидејќи овде Фридман разработува не само јазични аспекти од гледиште на словенско-албанските контакти, туку и историски осврт на албанската култура. Имено, авторот во оваа статија ја опфаќа Призренската лига како значаен сегмент на словенско-албанските контакти, го анализира Пулевски како значаен деец не само на македонскиот јазик, туку и на албанскиот јазик (токму преку неговиот Тријазичник), но исто така ги опфаќа и просветителите кои пишуваат на албански народен јазик и прави осврт на дијалектните контакти во словенско-албански контекст.

POLSKA AKADEMIA NAUK
INSTYTUT SŁAWISTYKI

SLAVIA MERIDIONALIS

STUDIA LINGUISTICA
SLAVICA ET BALCANICA

1

WARSZAWA 1994

Victor A. Friedman

Slavic–Albanian Contacts
and Early Polyglot Lexicons:
The Albanian Lexicon of the Monk Arkádïi,
A mid–nineteenth century manuscript
from the Hilendar Monastery on Mount Athos*

Kontakti dhe ndërgjegja në lidhjen gjuhësore ballkanike [Albanian: Contact and Consciousness in the Balkan Sprachbund]. Studime: Akademia e shkencave dhe e arteve e Kosovës, Vol. 3, 1996. 233-253. (A

second version was published in Studime albanologjike [University of Tirana] Vol. 2, No. 1, 1997. 132-149.)Овде Фридман прави осврт на контактите меѓу балканските јазици и приказ на граматичките категории кои се менувале и прилагодувале едни на други под балканското јазично влијание. Во најголема мера ги опфаќа албанскиот, турскиот, бугарскиот, ароманскиот и македонскиот јазик, со што овој реферат претставува еден од најобемните во досегашните негови проучувања, токму поради шареноликоста и сеопфатноста на повеќе балкански јазици врз основа на нивните граматички категории и влијанието кои тие го имаат во видоизменувањето и прилагодувањето едни на други.



Mbi konceptet nacionale në fjalorin tri gjuhësh të Gjorgji Pulevskit [Albanian: On national conceptions in the trilingual dictionary of Gjorgji Pulevski]. Studime: Akademia e shkencave dhe e arteve e Kosovës, /Vol. 4, 1997. 123-129/. Во овој труд Фридман прави анализа и го концептуира Тријазичникот на Пулевски, кој го смета како еден важен ракопис за албанскиот јазик (особено за дијалектологијата), но и за географските поими и ареална лингвистика за дадениот временски период. Преку анализата на овој реферат можеме да заклучиме дека Тријазичникот на Пулевски претставува многу значаен ракопис којшто ги соединува балканските јазици, а за авторот тој претставува неисцрпен материјал за проучување, издигнување и дополнување на албанологијата на историски план, но и балканистиката воопшто.

The Albanian Language in Its Eastern Diaspora (Ē Alvanikē Glōssa stēn Avatolikē Diasporá). Arvanitika kai Ellēnika: Zētēmata polyglōssikōn kai polypolitismikōn koinotētōn [Greek: Arvanitika and Greek: Problems of multilingual and multicultural communities]. Vol. 2, ed. by Loukas Tsitsipis. Livadeia, Greece: European Union & The Prefecture of Levadeia (sic), 1998. 215-231.Оваа статија е една од најзначајните студии за популаризација и подигнување на албанолошката наука за јазикот, но и за културата, бидејќи е една пообемна статија на Фридман за албанскиот јазик во дијаспората, опфаќајќи ги говорите и одделноста на расселените албанци низ цела Европа. Овде Фридман дава целосен приказ за местата каде што живеат албанци во дијаспората, имињата со кои се нарекуваат на различни страни од светот, како и историјата на различните говорители на албанскиот јазик низ дијаспората. Во овој сеопфатен и сериозен истражувачки опфат, Фридман ја дополнува дијалектната географија на посовремен план надвор од границите на говорителите на албански јазик, но се занимава и со топонимиските и микротопонимиските современи проучувања, а истите и сериозно ги дополнува, па наместа и ги исправа.



Η ΕΚΔΟΣΗ ΣΥΓΧΡΗΜΑΤΟΔΟΤΕΙΤΑΙ ΑΠΟ:
ΤΗΝ ΓΕΝΙΚΗ ΔΙΕΥΘΥΝΣΗ XXII ΤΗΣ ΕΥΡΩΠΑΪΚΗΣ ΕΠΙΤΡΟΠΗΣ
& ΤΟΝ ΔΗΜΟ ΛΕΒΑΔΕΩΝ

ΑΡΒΑΝΙΤΙΚΑ ΚΑΙ ΕΛΛΗΝΙΚΑ

ΖΗΤΗΜΑΤΑ ΠΟΛΥΓΛΩΣΣΙΚΩΝ ΚΑΙ ΠΟΛΥΠΟΛΙΤΙΣΜΙΚΩΝ ΚΟΙΝΟΤΗΤΩΝ

ΤΟΜΟΣ II

ΕΠΙΣΤΗΜΟΝΙΚΗ ΕΠΙΜΕΛΕΙΑ
ΛΟΥΚΑΣ ΤΣΙΤΣΙΠΗΣ

ΛΙΒΑΔΕΙΑ 1998



Ανακοίνωση έκτη
Victor A. Friedman, Καθηγητής του Πανεπιστημίου του Σικάγου: «The Albanian Language in Its Eastern Diaspora: A Unique Witness»[1]

During the late middle ages (and arguably also before that), the most significant migrations of Albanian-speakers resulting in separate dialectal enclaves were to the south and west. (I am using "Albanian" here as a cover term for Shqip, Arvanitika, Arbëresh [Italo-Albanian], etc. To the extent that the village of Arbanasi near Zadar is to the west as well as the north of primary Albanian-speaking territory – both geographically and, in the past, politically, it can be included in this characterization.) From the death of Skenderbeg (1467) onward, however, there was considerable socioeconomic and political pressure on the population of eastern Albania and western Macedonia that led to wave after wave of migration to the east (Marinov 1993:604). Jaranov (1932) has traced these routes of migration from their origins in a swath or territory stretching from the headwaters of the river Mat in northern Albania southward through Kolonja and Epirus/Çamëri and even into Thessaly. A major branch went northeast to the Razgrad-Varna region of northeastern Bulgaria (and subsequently on to Dobrudja, Bessarabia, and Ukraine), while another large stream crossed the Rhodopes and ended up in eastern Thrace. Many of these migrants spoke various languages of the Balkans, (Albanian, Aromanian, Greek, Turkish, and Balkan Slavic [Bulgarian or Macedonian]). In the case of the Slavic-speakers, the dialects of their places of origin contributed considerably to a complication of the dialectal picture of eastern Bulgaria and especially Thrace. As to the Albanian-speakers, their villages formed unique enclaves that show distinct archaic and innovating features. Although a certain amount of confusion has apparently arisen because the term *arnaut* was

[1] I wish to express my gratitude to the Hilendar Monastery on Mount Athos and to The Resource Center for Medieval Slavic Studies of The Ohio State University. Thanks to their generosity, I was able to examine the manuscript which constitutes the focus of this paper. I am especially grateful to Dr. Predrag Matejić, head of the Hilendar Research Project, who generously supplied me with a photocopy of the microfilm of the manuscript and other helpful information and materials. I also wish to acknowledge assistance from the University of North Carolina Research Council, which enabled me to examine relevant related materials at the Newberry Library in Chicago. I also wish to thank the Center for Bulgarian Studies of the Bulgarian Academy of Sciences, which supplied me with materials on Bulgarian dialectology. I also wish to thank the American Council for Learned Societies and the East European Studies financed in part by the National Endowment for the Humanities and the Ford Foundation, which enabled me to do some of the research for this paper. Moreover, I wish to thank Prof. Ronelle Alexander of the University of California Berkeley, Dr. Julie Alessandratos, Prof. Eric Hamp of the University of Chicago, Prof. Brian Joseph of the Ohio State University, the late Acad. Blaže Koneski, and Acad. Boško Vidoeski of the Macedonian Academy of Arts and Sciences, and Vlado Zhobov & Zhoro Kolev of the University of Sofia, all of whom supplied me with helpful comments and explanations concerning the manuscript. The responsibility for any errors in this article is of course entirely my own.

-215-

Albanian in the Balkan Linguistic League: A Reconsideration of Theoretical Implications. Studia Albanica /Vol. 28, No. 1. 2005 .33-44/. Во овој труд Фридман ја обработува балканизацијата на албанскиот јазик преку неговите дијалекти (гегиски и тоскиски). Дава јасен опис на двата дијалекта и укажува на нивната порана или подоцна балакнизација преку граматичките категории кои се прифатени за адаптација кон балканската јазична лига.

QENDRA I STUDIMEVE ALBANOLOGJIKE

VEPRA THEMELORE
NË ALBANOLOGJI

Aktet e Konferencës Shkencore Ndërkombëtare
18-20 dijetor 2008

Botimet Albanologjike
Tiranë, 2009



STUDIES ON ALBANIAN AND OTHER BALKAN LANGUAGES

Reference:
Dukagjini Publishing House, Peja, 2004
Autori:
Akad. Victor Friedman

VICTOR FRIEDMAN

Recensues: Akad. Koleç Topalli

Други значајни трудови за афирмацијаи за продлабочено проучување на албанскиот јазик, литература и култура објавени од овој еминентен научник и професор се:

Habitorja e shqipes dhe "prezumtivul" e rumanishtes [Albanian: The Albanian admirative and the Romanian presumptive]. Seminari XVIII ndërkombëtar për gjuhën, letërsinë dhe kulturën shqiptare: Përmbledhje e ligjeratëve, referimeve, kumtesave dhe e diskutimeve. Tirana: Albanian Academy Sciences. /1996. 581-586/.

Studime për Gjuhën shqipe dhe gjuhë të tjera balkanike [Albanian: Studies in Albanian and Other Balkan Languages]. Vepra Themelore në Albanaologji, ed. Ardian Marashi, Tirana: Qendra i Albanologjisë. 2009.

Shqipja standarde në Amerikë: Studime shkencore, pedagogjike, dhe planifikimi gjuhësor. Konferencë Shkencore: Shqipja standarde dhe shoqëria shqiptare sot [Albanian: Standard Albanian in America: Scholarly Studies, Pedagogy, and Language Planning]. Konferenca shkencore: Shqipja standarde dhe shoqëria shqiptare sot (Scholarly Conference: Standard Albanian and Albanian Society Today), ed. by J. Bulo, E. Lafe, S. Mansaku, and E. Hysni. Tirana: Albanian Academy of Sciences. 2003. 155-157.

Albania. Sociolinguistics: An International Handbook of the Science of Language and Society, Vol. 3, 2nd ed., ed. by U. Ammon, N. Dittmar, K.J. Matthier, P. Trudgill. Berlin: Walter de Gruyter. 2006. 1874-1882.
Sistemi nominal i gjuhës shqipe nga pikëpamja ballkanistike [Albanian: The nominal system of the Albanian language from the point of view of Balkan Studies]. Twenty-Ninth International Seminar for Albanian Language, Literature and Culture. Prishtina: University of Prishtina. 2008. 319-322.
Admirativity and Modality in Albanian-Macedonian Language Contact.. Wir sind die Deinen Studien zur albanischen Sprache, Literatur und Kulturgeschichte, dem Gedenken an Martin Camaj (1925-1992) gewidmet, ed. by Bardhyl Demiraj. Wiesbaden: Harrassowitz. 2010. 277-281.
Numerals and Language Contact: Albanian, Slavic, and Romani. Scritti in Onore di Eric Pratt Hamp per il suo 90 compleano, ed. by G. Belluscio & A. Mendicino. Cosenza: Università della Calabria. 109-114. 2010, итн.

Заклучок

Од анализата направена за делото на Виктор Фридман во контекст на албанскиот јазик како дел од балканската јазична лига, можеме да резимираме и да заклучиме дека овој истакнат лингвист можеме да го ставиме во преден план по однос на придонесот и афирмацијата на албанологијата како наука, а посебно место му отстапуваме во придонесот за продлабочување на проучувањата на албанскиот јазик, култура и литература. Ние во нашиот реферат кусо изанализиравме 12 научни трудови и наведовме уште 7 објавени статии од многуте кои Виктор Фридман ги има напишано во контекст на албанскиот јазик, култура и литература. Неговиот придонес може да се проследи и од наведеното во почетокот на нашиов труд, односно преку признанијата и пофалниците кои тој ги има добиено од универзитетите и академиите на Косово и Албанија. Од сето наведено погоре констатираме дека Виктор Фридман е име кое профилира и е многу значајно за развојот и афирмацијата на албанолошката наука.

Литература:

Viktor Friedman.Admirativity in the Balkan languages: Category vs. Usage. *Makedonski jazik, Vol. 30*, 1980.
Viktor Friedman.The Pluperfect in Albanian and Macedonian. *Folia Slavica,Vol. 4, No. 2-3*, 1981.
Viktor Friedman.Some observations on indirect speech and renarration in Macedonian and Albanian. *Makedonski jazik, Vol. 32-33*, 1981-1982.
Viktor Friedman.Evidentiality in the Balkans: Bulgarian, Macedonian, and Albanian. *Advances in Discourse Processes, Vol. 20.*1986. 168-187.
Viktor Friedman.Gjorgji Pulevski: His dictionaries and the Albanian and Macedonian national renaissances. *Konferenca shkencore e 100-vjetorit të Lidhjës Shqiptare të Prizrenit, Vol. 2*. Prishtina: Kosovo Academy of Arts and Sciences. 1990. 24-256.
Viktor Friedman.Dialectal Base, Variation and Codification of the Balkan Literary Languages: Albanian, Bulgarian, Macedonian and Romany. *Balkan Forum, Vol. 1, No. 1*, 1992.
Viktor Friedman.Aspectual Oppositions in Bulgarian, Albanian, and Turkish. *Săpostavitelno ezikoznanie, Vol. 17, No. 3,* 1992.
Viktor Friedman.Slavic-Albanian Contacts and Early Polyglot Lexicons.*Slavia meridionalis: Studia linguistica, slavica et balcanica, (Polish Academy of Sciences), Vol. 1*, 1994.

Viktor Friedman. Contact and Consciousness in the Balkan Sprachbund. *Studime: Akademia e shkencave dhe e arteve e Kosovës, Vol. 3*, 1996.
Viktor Friedman.On national conceptions in the trilingual dictionary of Gjorgji Pulevski. *Studime: Akademia e shkencave dhe e arteve e Kosovës, /Vol. 4*, 1997.
Viktor Friedman.The Albanian Language in Its Eastern Diaspora. *Vol. 2, ed. by Loukas Tsitsipis. Livadeia, Greece: European Union & The Prefecture of Levadeia (sic)*, 1998.
Viktor Friedman.Albanian in the Balkan Linguistic League. *Studia Albanica /Vol. 28, No. 1.* 2005.